Врз основа на член 164, 165, 170 и 172 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21), член 23 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2005……..и „Службен весник на РСМ“ бр. 288/21), и членовите 12, 23 и 25 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, донесен на 164-та седница на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола на ден 21.09.2018 година, Факултетот за информатички и комуникациски технологии Битола распишува:

**К О Н К У Р С**
**за избор во соработнички звања- асистенти**

Се распишува конкурс за избор на :

1) Едно лице во соработничко звање - асистент од научната област: 21206 Процесирање на податоци и
2) Едно лице во соработничко звање - асистент од научната област: 21208 Друго (Компјутерска графика и виртуелно инженерство).

Кандидатите, покрај општите услови предвидени со Законот за работните односи, треба да ги исполнуваат и општите и посебните условите предвидени во Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр. 82/18 и Сл. Весник на РСМ бр. 178/21) и во Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, донесен на 164-та седница на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола на ден 21.09.2018 година.

Кон пријавата, кандидатите, во оригинал или во заверена копија кај нотар, ги доставуваат следните документи: биографија/CV; уверение за државјанство; доказ за општа здравствена способност за работното место – лекарско уверение; доказ дека со правосилна судска пресуда не им е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност; доказ за завршено прв и втор циклус на академски студии со најмалку 300 ЕКТС кредити (доколку образованието е стекнато во странство да се приложи и нострификација со еквиваленција на оценките), има стекнато назив магистер од соодветната област, има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно, и има познавање на најмалку еден странски јазик (англиски, германски, француски, руски) и доказ/и за исполнетост на посебните услови, согласно член 23 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.

Почетокот, завршетокот и распоредот на работното време се променливи и се определуваат во согласност со актите на Факултетот и според распоредот на наставата и вежбите во семестарот, додека пак паричниот износ на основната плата за соработничко звање-асистент во нето износ изнесува: 36.842 ден.

Конкурсот трае 8 дена од денот на објавувањето, а пријавите со потребните прилози се поднесуваат до Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола лично, или по пошта на адреса: „Партизанска“ б.б. 7000, Битола.

Ненавремени и некомплетни пријави нема да се разгледуваат.

Факултетот за информатички и
комуникациски технологии – Битола